КУЛТУРА

*Датум: 20.01.2011, 09:24*

Ми се допаѓа 0

# СКУЛПТОРОТ ЖАРКО БАШЕСКИ ОДИ НА ВЕНЕЦИСКОТО БИЕНАЛЕ

Проектот „Прескок“, кој ќе биде репрезент на македонската уметност, се состои од четири скулптури со по две фигури изработени од полиестер и силикон

Скулпторот Жарко Башески ќе ја претставува Македонија на 54-то по ред Венециско биенале за уметност што ќе почне во јуни, дознава „Дневник“. Проектот на Башески, „Прескок“, го пријави Центарот за култура „Марко Цепенков“ од Прилеп. Пристигнатите проекти во Министерството за култура ги разгледувало тричлено жири составено од уметниците Васил Василев, Антонио Мазневски и Владимир Величковски, историчар на уметност.

Победникот ќе ја претставува нашата национална уметност на светскиот уметнички собир што ќе биде отворен на 4 јуни, а ќе трае до 27 ноември. Тема на Биеналето е „ИЛУМИнации“, а директорка на престижната манифестација е Швајцарката Бис Куригер.

Проектот „Прескок“ се состои од четири скулптури со по две фигури изработени од полиестер и силикон. Слична концепција под наслов „Линк“ беше лани изложена во прилепскиот Центар за култура. Сепак, за Биеналето ќе бидат направени нови фигури.

- Станува збор за слична концепција. Се надевам дека ќе успееме да го реализираме проектот. Тоа воопшто не е тешко ако имаме доволно пари - вели Тони Чатлески, директор на Центарот.

На прашањето дали институцијата има капацитет да организира презентација на Македонија на толку комплексна манифестација (со оглед на тоа што досега не организирале претставување на Венециското биенале) тој вели:

- Не очекувам никакви проблеми. Ние сме најуспешна институција во земјава во поглед на организирањето ликовни настани - вели тој.

Делото на Башески беше во конкуренција со шест други проекти. Национална галерија на Македонија ги предложи изложбите „Изгубени души“ на Јасминка Новковска и „Зеро шлепер“ на уметничката група „Зеро“, во која членуваат Александар Станкоски, Игор Тошевски, Беди Ибрахим, Перица Георгиев, Синиша Цветковски, Златко Трајковски, Миодраг Десовски и Татјана Миљовска. Музејот на град Скопје конкурира со „Две прашања 10.000 одговори“ на Нехат Беќири, „Големиот брат на јавната свест“ на Нада Прља и ликовна изложба на Роберт Глигоров, а Асоцијација за култура и уметност „Нова линија“ од Скопје ја предложи изложбата „Генезис и други приказни“ на Данчо Кал’чев.

Жарко Башески во последните години ~ е познат на македонската јавност по неколку реализирани дела на јавни места - скулптурите на Александар Македонски во Прилеп, на коњаниците Гоце Делчев и Даме Груев поставени пред Каменио мост на скопскиот плоштад.

Венециското биенале ќе се случува во Арсенале (старата оружарница) и Џардини (градините на Венеција каде што се изградени триесетина уметнички павилјони). Годинава на уметничкиот собир првпат ќе учествуваат Андора, Саудиска Арабија, Кралството Бахреин, Бангладеш, Малезија и Руанда. Од Министерството за култура велат дека Биеналето е можност да се укаже на разновидноста на уметничките позиции, репрезентативните потенцијали и значењето на работата на поединци кои дејствуваат на нашата и на интернационалната уметничка сцена.

„Република Македонија досега на Биеналето во Венеција пласираше врвен квалитет и го даваше својот максимум при претставувањата“, велат од Министерството.

**Весна И. Илиевска**

## Изложувал и бил наградуван

Башески е роден во Прилеп во 1957 година. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје во 1988 година во класата на професорот Петар Хаџи Бошков. Постдипломски студии завршил десет години подоцна кај Драган Поповски - Дада. Од 1988 година е член на Друштвото на ликовни уметници на Македонија. Бил на студиски престој во Лондон од 1979 до 1982 година. Живее во Скопје и работи како редовен професор на Факултетот за ликовни уметности.

НАЈНОВИ ВЕСТИ

Астрофизичарот Стивен Хокинг прв, тројца Хрвати на листата на 30 најинтелигентни луѓе на светот

Концерт на култните „Лачни Франз“ на платото пред МОБ

Пратеникот од СДСМ Павле Богоевски учествувал и организирал демонстрации против Вучиќ

Вонпарламентарни десноориентирани партии во служба на СДСМ може ќе станат дел од новата влада

Оризот засеан само на половина од планираната површина

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

facebook




НАЈКОМЕНТИРАНО НАЈЧИТАНО ПРИЈАТЕЛИ

Бугарите му се настрвија на Путин поради писменоста од македонската земја

Болни амбиции и државно раскрчмување

Загадување посилно од судбината

Фашистички калифат

Пентагон не знае каде е оружјето вредно милијарда долари за ирачката армија

Добитник е на наградата „Нерешки мајстори“ за скулптура од страна на ДЛУМ. Реализирал девет самостојни изложби во земјава и во странство, учествувал на над педесет групни изложби во Македонија, САД, Австралија, Италија, Франција Турција, Србија и др.

#

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.

## ОСТАНАТИ ВЕСТИ

- Зоран Попоски излага во Невада
- Димов го отвора новиот циклус концерти на Филхармонијата

**Оставете коментар за објавената вест**

Од кого:

Коментар:

*Внесете го кодот во празното поле

9179

КОМЕНТИРАЈ

**intelekt**, 20.01.2011 14:21:54

tragedija

**D.**, 20.01.2011 15:30:42

Toa sto gospodinot Bashevksi ke odi na venecijansko bienale e dobro. Megjutoa faktot deka ke ja prestavuva nashata zemja so plagijat e tragedija. Imeno vo svetot postoi umetnik koj se bavi so ovaa problematika na ist nacin. Se vika Ron Mueck, i bi trebalo da e poznat barem na intelektualnata klasa vo ovaa zemja, no na zalost ne e. Gospodinot bashevski ne samo shto raboti vo istiot manir (hiperralizam skulptura) toj se bavi i so istiot problem kako Ron Mueck, hiper realizam vo odnod na dimenzija, predimenzioniranje ili minimiziranje na eden objekt. I normalno koristat i ist motiv. Covecka figura. Ne mi e jasno samo edno kaj gospodinot bashevski. Ovaa disciplina bara isklucitelna posvetenost, i kako moze da sedi pred svojata skulptura so denovi, i da znae deka se raboti za plagijat. Vo prilog vi dostavivam nekolku linka od ron mueck A na gospodinot basevski mu sovetuvam da prodolzi so dameta i goceta so kratki noze, barem tamu e originalen. http://www.man-sport-shoes.com/art/28.

**kik**, 20.01.2011 19:16:48

Mr. D, ne e Ron Mueck edinstveniot umetnik koj pravi hiperrealisticki skulpturi od istiot materijal, imalo i ke ima mn. takvi skulpotori niz svetov! Pa aj sega da kazeme site sto slikaat aktovi vo tehnika maslo na platno se plagijatori?! kako i da e, od predlozenite umetnici/proekti ne gledam nekoj drug sto bi privlekol bilo kakvo vnimanie na Vneceiskoto Bienale, osven mozebi proketot na ZERO koj mozebi bi i bil simpaticen na likovnata javnsot vo Vneceija... Inaku drugovo, nisto posebno ni za Makednija a kamoli za Venecisko Bienale! Iako mislam deka Robert Gligorov ke privlecese najmnogu vnimanie....

**D.**, 21.01.2011 10:40:48

G.kik,Ako stavime skulptura od gospodinot bashevski I gospodinot mueck edna do druga, edinstvenoto nesto sto ke bide razlicno e avtoroviot potpis. Jas Ne zboruvam za hiperrealizam skulptura, tuku za totally kradenje na ideja. Proverete I sami. Konceptot e ukraden, totalno. Mozebi Ova e prilika za Ron da vidi deka uste nekoj Ja podrzuva negovata ideja.

**krug**, 21.01.2011 11:11:19

Nekoj e nagraden za mnogu trud okolu podrskata na Skopje 2014. Aj da ne zaboravime deka i Aleksandar e negova tvorba so potpis od studentkata mu. Iako koga se raboti za parite, zarabotkata doagja od skulpturite na edno cudo vojnici koi stojat okolu spomenikot na Aleksandar, a gi raboti tokmu Zare. Da ne slucajnost, no, na minatoto bienale ucestvuvase najglasniot clen na komisijata koja gi odobruvase skulpturite za Skopje 2014 i bese najplaten i najglasen vo odbranata niz medimite. Sega sledstveno, treba da odi realizatorot. Sto se odnesuva do plagijarizmot umetnosta e javna rabota, ke sudi publikata i svetskata kritika. Sramot sepak Zarko ke go jade, a mozebi i tolku ni sece, koga dozvolivme edno cudo glupava bronza da ni go nagrduva gradot, pa sega nesto drugo da pokazeme niz svetot i ne zasluzuvame. Zarko samo od sopstveniot sram nema kade da se skries.

АНТЕНА >>

ПУБЛИКА >>

ЗДРАВЈЕ >>